Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 74, 15 февруари 2012 година

февруари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска геологија и лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ................................. 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпи и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................34

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хидрологија/хидрогеологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................83

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област минералогија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................92

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................105

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факутет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..........................................................................116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област клиничка психологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 134

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 139

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област органска хемиска технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 144

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 149

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната областа деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 156

**РЕЦЕНЗИЈА** на Германско-македонски и македонско-германски речник од доц. д-р Толе Белчев и доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 162

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 164

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 169

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 171

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСПОРТНИ И ИЗВОЗНИ ПОСТРОЈКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2202-292/15 од 22.11.2011 год., донесена на 14. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 21.11.2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***транспортни и извозни постројки*** на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник“ на 25.10.2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот **д-р Зоран Десподов**, вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Зоран Десподов** е роден на 18 септември 1965 год. во с.Вирче, Општина Делчево. Основно образование завршува во родното место, а општа гимназија во Делчево. Дипломира на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Универзитет „Св.Кирил и Методиј” – Скопје, на рударскиот оддел, во мај 1990 год., со просечен успех 8,51 и бил прогласен за најдобар студент во генерацијата.

Во февруари 1991 год. се вработува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, како соработник-помлад асистент по предметите: Технологија на подземна експлоатација и Подземен транспорт и извоз.

Во декември 1996 год. магистрира на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на тема „*Избор на оптимални параметри на локомотивскиот транспорт на главните хоризонти во рудниците за олово и цинк: Злетово, Саса и Тораница*“ под менторство на проф**.** д-р Милош Грујиќ.

Во јуни 1998 год., во рамките на подготовките за изработка на докторска дисертација, тој е на студиски престој, во траење од 20 дена, во Институтот за рударска механизација, Политехнички универзитет Шлеска во Гливице, Р.Полска.

На 19 јуни 2002 год., на Рударско-геолошкиот факултет во Штип докторира на тема „***Одредување на оптимални параметри на лентестите транспортери за нивна примена во рудниците за метални минерални суровини со подземна експлоатација во Р.Македонија***“ и се стекнува со научна титула доктор на технички науки. Докторската дисертација ја работи под менторство на проф. д-р Милош Грујиќ.

Со Одлука бр.0202-267 од 22.11.2002 год., донесена од Наставно-научниот совет при Рударско-геолошкиот факултет во Штип е избран во наставно звање доцент по предметот Руднички транспорт. Потоа, со Одлука бр.0202-88 од 2.4.2007 год., донесена од страна на Наставно-научниот совет на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на седница одржана на 30.3.2007 год., е избран во наставно звање *вонреден професор* по наставната дисциплина Руднички транспорт.

Од септември 2007 год. е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип при Факултетот за рударство, геологија и политехника, а денес Факултет за природни и технички науки, и работи како наставник кој е ангажиран на студии од прв, втор и трет циклус, каде што на судиската програма Рударство ги покрива наставните дисциплини: Рударски транспорт 1 и 2, Рударски извозни постројки, Технологија на подземна

експлоатација, а исто така постојано е ангажиран како наставник и на студиските програми: Индустриска логистика, Индустриски менаџмент и Инженерство на работна и животна средина. Две учебни години бил ангажиран како наставник и на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за наставната дисциплина Логистички менаџмент.

***Наставно-образовна дејност***

Од октомври 2002 год., претходно на Рударско-геолошкиот, а денес на Факултетот за природни и технички науки успешно ја изведувал и организирал наставата на отсек Рударство, по предметите: Руднички транспорт, Технологија на подземна експлоатација, Рударски извозни постројки и група предмети од модулот – Подземна експлоатација на минерални суровини, кои се изучуваат на Катедрата за подземна експлоатација. Потоа, од 2007 год. па до денес ја изведува и наставата на студиската програма Логистика, по следниве предмети: Теорија на информации, Теорија на одлучување, Теорија на системи 1 и 2, Дизајн на логистички системи и Производен менаџмент.

Бил ментор на една одбранета докторска дисертација, четири магистерски труда, голем број дипломски трудови, а исто така, како претседател или член учествувал во испитни комисии за одбрана на докторат, магистратури и дипломски работи, како и рецензентски комисии за избор на наставници и соработници. Учествувал во работни комисии за изготвување на нови студиски програми, потоа во комисии за запишување на студенти и други комисии за разгледување на наставни прашања.

Автор е на поголем број интерни скрипти, и коавтор на учебникот *Рударски извозни постројки,* издаден од Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Исто така, бил и рецензент на учебници од областа на рударството.

***Научноистражувачка дејност***

Во текот на својата работна кариера проф. д-р Зоран Десподов исклучително време ѝ посветува на научноистражувачката работа што може да се забележи од големиот број на објавени научни трудови дадени во прилог 1. Добиените резултати од научните истражувања и достигнувања преку научни трудови ги презентирал на реномирани странски и домашни научни собири, каде што во поголем број од нив бил и член на научните и организациони одбори, како и работните претседателства. Одреден број на научни трудови ги објавил во следниве меѓународни научни списанија: *Acta Montanistica Slovaca, International Journal of Civil Engineering and Building Materials, Transport i logistisika, Подземни радови*, како и во домашното списание *Природни ресурси и технологии*.

Учествувал во работата на неколку научноистражувачки проекти финансирани од страна на Министерството за образование и наука при Владата на Р.Македонија. Како експерт од областа на рударството бил ангажиран од страна на Министерството за наука и технолошки развој на Р.Србија за рецензент на предлог-научноистражувачки проект.

Член е на Уредувачкиот одбор на научното списание *Природни ресурси и технологии* кое го публикува Факултетот за природни и технички науки при УГД-Штип, како и научното списание *Подземни радови* кое го публикува Рударско-геолошкиот факултет, Универзитет во Белград, Р.Србија.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

На стручен план голем е неговиот придонес во изработка на апликативни проекти за рудниците со подземна експлоатација на метални минерални суровини, во форма на главни рударски проекти, дополнителни рударски проекти, студии и елаборати, дадени во прилог 2, каде што посебно би го истакнале неговото ангажирање во рудникот за производство на оловно-цинкова руда „Саса" од М.Каменица.

За посебниот придонес и квалитетната соработка со рудникот „Саса", Катедрата за подземна експлоатација при ФПТН под негово раководство има добиено *Благодарница* од страна на рудникот, по повод петгодишниот јубилеј од неговото рестартирање.

Меѓутоа, проф. д-р Зоран Десподов активно работи и на истражувањата во врска со експлоатацијата на неметалните минерални суровини. Постојано е присутен со свои

трудови на научни и стручни собири посветени на експлоатацијата на јаглените во Р.Македонија и пошироко. Тој е ангажиран во изработката на *Физибилити студијата за почеток за експлоатација на јаглен од јагленовото наоѓалиште „Неготино" - Неготино*, финансирана од Министерството за економија при Владата на Р.Македонија, и тоа како главен проектант за подземна експлоатација.

Четири пати е избиран за потпретседател на *Стручното советување со меѓународно учество ПОДЕКС*, во организација на Сојузот на рударски и геолошки инженери на Македонија (СРГИМ) и Факултетот за природни и технички науки, УГД - Штип, каде што активно учествувал и со стручни трудови. Исто така, бил главен и одговорен уредник на Зборникот на трудови презентирани на ПОДЕКС.

Активно учествува со научни и стручни трудови во информативно-стручната ревија *Македонско рударство и геологија* публикувана од СРГИМ, каде што е член на издавачкиот и редакцискиот совет.

Од страна на Институтот за акредитација на Р.Македонија (ИАРМ) е ангажиран како технички експерт-оценувач на инспекциски тела за рударска опрема. Во врска со претходното посетувал семинар во рамките на европскиот проект - *Техничка помош за зајакнување на капацитетите на ИАРМ*, за имплементација на стандардот ISO/IEC 17020:2004, кој успешно го завршил.

Во текот на неговата работна кариера извршувал и денес извршува одредени функции во рамките на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во два последователни мандати е избран за раководител на Катедрата за подземна експлоатација при ФПТН, а како претставник од ФПТН еден мандат бил член на Универзитетскиот сенат, во чија работа успешно учествувал. Моментно ја врши функцијата продекан на Факултетот за природни и технички науки при УГД - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организационо-развојната активност на кандидатот (освоени вкупно **371 поени,** прилог 3), и врз основа на критериумите наведени во членовите 124 и 125 од Законот за високото образование, кандидатот вонреден професор д-р Зоран Десподов ги исполнува условите да биде избран во наставно звање редовен професор.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно - научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **за да го избере д-р Зоран Десподов во звање редовен професор за наставно-научната област *транспортни и извозни постројки* при Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милош Грујиќ, с.р.**
**Д-р Стојан Здравев, с.р.**
**Д-р Витомир Милиќ, с.р.**

***Прилог 1***
***Список на научни и стручни трудови на проф. д-р Зоран Десподов***
***1) Трудови како дел од монографија објавена во странство***

1. **Despodov, Z**., Mirakovski, D.: *The Development of Macedonian Mining through centuries, monograph, Mining in the Central Europe trough history,* Belgrade-Košice, 2010.

***2) Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во странство опфатени со SCI***

1. **Despodov, Z**.: *Determination of reliability parameters of locomotive transport system in main haulage drift in the Toranica lead and zinc mine,* Acta Montanistica Slovaca, Ročnik 3 (1998), 4, pp.495-498, FBERG Košice.

***3) Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во странство (кумулативно)***

1. **Despodov Z.,** Dimitrijevski I.: Iskoriščenje *tovarno-transportne mašine u rudniku "Zletovo" i njegov uticaj na troškove otkopnog transporta*, Podzemni radovi, br.8, RGF, Beograd, 1998.
2. **Despodov, Z**., Mirakovski, D.: *Matematički model za izbor optimalnog transportnog sistema u podzemnim rudnicima metala,* Transport i logistika, br.2, Beograd, 2002.
3. **Despodov, Z**., Mirakovski, D., Doneva, N.: *Izbor optimalnog transportera sa trakom u rudnicima sa podzemnom eksploatacijom metala,* Podzemni radovi, br.12, RGF, Beograd, 2003.
4. Mirakovski, D., **Despodov, Z**.: *Kontrola fugitivne prašine na presipnim mestima transportera - rešenje za slagalicu,* Transport i logistika,br.7, RGF, Beograd, 2004.
5. Doneva, N., **Despodov, Z.**, Stojčeva, V.: *Primena kombinovanih rotaciono-probojnih mašina u rudarstvu,* Podzemni radovi, br.14, RGF, Beograd,2005.
6. Grujic, M., Ivković, M., **Despodov, Z**.: *Ecological advantages of the application of horizontal curves belt conveyors in coal conveyance,* Transport and Logistics, Vol.10, Košice, 2006.
7. Grujic, M., Kostović, N., **Despodov,Z**.: Mogućnosti transporta hidrozasipa u vidu paste za potrebe zapunjavanja otkopanih prostora u rudniku Sasa *(Makedonija),* Transport i logistika, br.11, RGF, Beograd, 2006.
8. **Despodov, Z**., Doneva, N., Mirakovski, D.: *Application of the method of analytic hierarchy processes (AHP) in the selection of load-haul dumpers,* Underground mining engineering 15, Faculty of Mining and Geology, Belgrade, 2006.
9. Grujic, M., **Despodov, Z.**, Ristovic, I.: *Mogućnost primene metoda višekriterijumske analize pri izboru transportnog sistema u rudniku olova i cinka,* Transport i logistika, br.13, RGF Beograd, 2007.
10. Mirakovski, D., Peltečki, D., **Despodov, Z**.,Boshev, Z., Panov, Z.: *Selection of an optimal landfill location using the Multi-criteria decision analysis methods,* IJCEBM,ISSN 2223-487X, 2011.
11. **Despodov, Z**., Mitić, S., Peltečki,D.: *Primena AHP metode za izbor transportnog sistema pri projektovanju rudnika,* Podzemni radovi, br.19, RGF, Beograd, 2011.

***4) Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во земјата***

1. **Десподов, З:** *Methodology for choice an optimal belt conveyor in underground mines,* Природни ресурси и технологии, година 3, бр.3., Факултет за природни и технички науки, УГД-Штип, 2009.
2. **Десподов, З:** *Технологија за товарење и транспорт на материјалот при брза изработка на тунели* Природни ресурси и технологии, година 4,бр.4, Факултет за природни и технички науки, УГД-Штип, 2010.
3. Mirakovski, D., **Despodov, Z.,** Pop-Andonov,G.,Mehandziski,N.:*Application of Monte Carlo simulation for risk evaluation in mineral investment projects, Natural resoursis and technologies, Volume IV, No.4, FPTN, University Goce Delcev-Štip, 2010.*

4. Рунчев, Н., **Десподов, З**., Крстев, Б.: *Глобализацијата и движењето на финансискиот капитал,* Природни ресурси и технологии, Година 4, бр.4, Факултет за природни и технички науки, УГД-Штип, 2010.

***5) Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир во странство***

1. Grujic, M., **Despodov, Z**.: *The application of diesel technologies at transportation in lead and zinc mines,* II International conference, Safety work of transportation equipment in mining, Centrum badan i dozoru gornictwa podziemnego Sp.zo.o, Ledzinach, 2006.
2. **Despodov, Z, Doneva, N., Gičev, V.:** *Sanacija ruševine stvorene tokom otkopavanja komorno-stubnom metodom u reviru "Svinja Reka -Zapad", u rudniku "Sasa", III Međunarodni simpozijum "Savremeni trendovi u podzemnoj gradnji", RGF-Beograd,* 2007.
3. **Despodov, Z**., Mirakovski, D., Stojov, V.: *Primena PRPOMAINT kompjuterskog programa za praćenje rada i servisiranja utovarno-transportne mehanizacije u rudniku Sasa-Makedonska Kamenica,* VII Internacionalni simpozijum o transportu i izvozu - Tekovno stanje i razvoj rudničkog transporta i izvoza", RGF Beograd Katedra za rudnički transport i izvoz, Tara, 2008.
4. Mitić, S., Popović,N., **Despodov, Z**.: *Utovar i transport rude sa bloka 1 između H-XIVb i H-XVI u rudniku Sasa - M.Kamenica, R.Makedonija,* VII Internacionalni simpozijum o transportu i izvozu - Tekovno stanje i razvoj rudničkog transporta i izvoza", RGF Beograd Katedra za rudnički transport i izvoz, Tara, 2008.
5. **Despodov, Z.**, Doneva, N., Mijalkovski, S.: *Mogućnosti podzemnog otkopavanja ugljanih slojeva u R.Makedoniji sa primenom visokoproduktivnih metoda,* II Međunarodni simpozijum Energetsko rudarstvo - ER'08, Savremene tendencije u razvoju energetskog rudarstva, RGF-Beograd i Privredna komora Srbije, Tara, 2008.
6. **Despodov, Z**., Mirakovski, D., Malkovski, .: *Istoriski razvoj makedonskog rudarstva, od praistorije do danas,*Međunarodna konferencija IRSE09, Istorija rudarstva Srednje Evrope, RGF Beograd,Fruška Gora, 2009.
7. **Despodov, Z.** Peltecki, D., Geogrievski, B.: *Opening and basic preparation for underground mining of the Zhivojno coal deposit* ,Zbornik radova III Međunarodni simpozijum Energetsko rudarstvo - ER'10, RGF-Beograd i Privredna komora,2010.
8. Čekerovski, T., Živanović, J., **Despodov, Z**.: *Comparison of some parameters from the old and new control system in mine Buchim,* Proceedings of tne XI$^{th}$ national conference with international participation of The Open and Underwater Mining of Minerals, june, 2011, Varna.
9. Panov,Z.,Jovchevski,S.,**Despodov,Z**.,Ivanova-Shijakova,T.,Karanakova-Stefanovska,R.: *Trend analysis in assessment and prediction of slope stability in open coal mines*, 22$^{nd}$ World Mining Congress and Expo, September,2011,Istanbul.
10. **Despodov, Z**., Doneva, N., Delipetrov, T.: *Istorija makedonskog rudarstva u periodu turske vladavine,* Međunarodna konferencija IRSE'11, Istorija rudarstva Srednje Evrope, RGF Beograd, Zlatibor, 2011.
11. **Despodov, Z**., Pop-Andonov, G., Mijalkovski, S.: *Primena kompjuterskog programa Arena za kompjutersku sumulaciju podzemnog rudničkog transporta, Integrisani međunarodni simpozijum TIORIR'11, RGF Beograd, Zlatibor, 2011.*
12. Čekerovski, T., Živanović, J., **Despodov, Z**.: Primena internet tehnologije u upravljanju dispečerskog sistema Skylinks u rudniku Bučim u Makedoniji, Integrisani međunarodni simpozijum TIORIR'11, RGF Beograd, Zlatibor, 2011.
13. Panov, Z., Minov, K., **Despodov, Z.,** Doneva, B.: *Novi pristup u dizajniranju unutrašnjeg odlagališta površinskog kopa Bučim u funkciji minimalnih troškova transporta, Integrisani međunarodni simpozijum TIORIR'11, RGF Beograd, Zlatibor, 2011.*
14. Čekerovski, T., Živanović, J., **Despodov, Z**.: Poboljšanje performansi rudničkog trans*porta u rudniku za bakar* Bučim primenom sistema Skylinks, Integrisani međunarodni simpozijum TIORIR'11, RGF Beograd, Zlatibor, 2011.
15. Mirakovski, D., Hadzi-Nikolova, M., Ristović, I., **Despodov, Z**., Panov, Z.: *Modeliranje procene buke na površinskim kopovima kamena, Integrisani međunarodni simpozijum TIORIR'11, RGF Beograd, Zlatibor, 2011.*

***6) Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир во земјата***

1. **Десподов З**, Здравев, С, Дамбов Р, Мијалковски С.: *Подземна експлоатација на јаглените во пелагонискиот регион со примена на современи технологии,* Тркалезна маса: Потреби и можности за континуирано обезбедување со јаглен, Битола, 2009.
2. Панов, З., **Десподов, З**., Мираковски, Д.: *Осврт кон физибилити студија за почеток на експлоатација на јаглен од наоѓалиштето „Неготино",* ЗЕМАК, Неготино, 2011.
3. **Despodov, Z**., Mirakovski, D., Mijalkovski, S., Angelovski, B., Hadzi-Nikolova, M.: *Determination of the optimal routes for collection and transportation of municipal waste in the town of Štip,* Second International Conference: Sustainable management with materials-economic justification of waste treatement, ADKOM, Skopje, 2011.
4. Mirakovski,D.,Hadzi-Nikolova,M.,Doneva,N.,**Despodov,Z**.,Panov,Z.,Mijalkovski,S.: *Air pollutants emission estimation from mining industry in Macedonia,* 1st International Workshop on The Project Anthropogenic effects on the human environment in the Neogene Basins in The SE Europe, Faculty of Natural and Technical Sciences,Štip, 2011.

***7) Трудови објавени во зборник на трудови од стручни собири во земјата***

1. **Despodov, Z.**, Doneva, N.: *Izbor na ekonomski najefektivna metoda za otkopuvawe spored kriteriumot na optimalnost, so obzir na rudarsko-geolo{kite uslovi na nao|ali{teto,* Prvo stru~no sovetuvawe na tema: Tehnologija na podzemna eksploatacija na mineralni surovini-PODEKS '07, SRGIM, Probi{tip, 2007.
2. **Десподов, З**., Николов,С, Митевски,Т.: *Модернизација на главниот транспорт на ровната руда во рудникот Саса со примена на јамски камиони,* Второ stručno sovetuvanje na tema: Tehnologija na podzemna eksploatacija na mineralni surovini-PODEKS '08, SRGIM, М.Каменица, 2008.
3. **Десподов, З.**, Мијалковски, С.: *Разгледување на можностите за примена на технологијата за откопување со заполнување на откопаните простори со засип од слаби бетони во рудниците за олово и цинк,* Treto stručno sovetuvanje na tema: Tehnologija na podzemna eksploatacija na mineralni surovini-PODEKS '09, SRGIM, М.Каменица, 2009.
4. Богдановски, З., Ѓоргиевски, Б., **Десподов, З**.: *Подземна експлоатација на наоѓалиштето за јаглен Живојно,* Зборник на трудови од Трето стручно советување ПОДЕКС '09, СРГИМ, М. Каменица, 2009.
5. Тасковски, С., **Десподов, З**., Мијалковски, С.: *Отворање, разработка и откопување на подлабоките делови во ревирот Свиња Река, рудник Саса*, Зборник на трудови од Четврто стручно советување ПОДЕКС '09, СРГИМ, М. Каменица, 2009.
6. **Десподов, З.** Мијалковски, С.: *Паста – совршен материјал за заполнување на подземните откопани простори* Зборник на трудови од Четврто стручно советување ПОДЕКС '10, СРГИМ, Пробиштип, 2010.
7. Тасковски, С., Мијалковски, С., **Десподов, З**., Гоцевски, Б.: *Технологија за изработка на Поткоп 830,* Зборник на трудови од Четврто стручно советување ПОДЕКС '10, СРГИМ, Пробиштип, 2010.
8. Мијалковски, С., Пелтечки, Д., **Десподов, З**., Арменски, В.: *Примена на современи софтверски решенија во рударството,* Зборник на трудови од Четврто стручно советување ПОДЕКС '10, СРГИМ, Пробиштип, 2010.
9. **Десподов, З.** Мираковски, Д., Панов, З., Стојов, В.: *Карактеристики на новиот пристап за одржување на рударската механизација во рудникот Саса,* Зборник на трудови од Петто стручно советување ПОДЕКС '11, ЗРГИМ, М.Каменица,2011.
10. Мираковски,Д., Панов,З., **Десподов, З.**, Везенковски,Ѓ.: *Анализа и избор на оптимални вентилациони системи за подземните рудници на метали,* Зборник на трудови од Пето стручно советување ПОДЕКС '11, ЗРГИМ, М.Каменица,2011.
11. Мијалковски, С., **Десподов, З**., Мираковски, Д., Ивановски, Д., Ристова, Д.: *Примена на моделирањето за решавање на проблеми во рударството,* Зборник на трудови од Петто стручно советување ПОДЕКС '11, ЗРГИМ, М.Каменица, 2011.

2. Донева, Н., **Десподов, З**., Хаџи-Николова, М.: *Параметри на влијание при изработка на хоризонтална рударска просторија,* Зборник на трудови од Петто стручно советување ПОДЕКС ‘11, ЗРГИМ, М.Каменица, 2011.

***8) Трудови објавени во стручно списание во земјата***

1. **Десподов, З.:** *Примена на методата за нето сегашна вредност (NPV) за оценување на исплатливоста на инвестициите во рударството,* Македонско рударство и геологија, год.8, бр.8, СРГИМ, 2008.
2. **Десподов, З.:** *Трендови во подземната експлоатација,* Македонско рударство и геологија, год.8, бр.10, СРГИМ, 2008.
3. Донева, Н., **Десподов, З.,** Сасански, В.: *Техники на ускопно пробивање како алтернатива на конвенционалните методи за изработка на окна и ускопи,* Македонско рударство и геологија, СРГИМ, 2009.
4. **Десподов, З.:** *Нови истражувања за геометриските параметри на подетажниот метод со зарушување,* Македонско рударство и геологија, год.10, бр.18, СРГИМ, 2010
5. **Десподов, З.:** *Примена на методата на аналитички хиерархиски процеси за избор на подземен транспортен систем,* Македонско рударство и геологија, год.11, бр.21, СРГИМ, 2011.

***Прилог 2***

***Список на апликативни проекти***

1. *Анекс на Дополнителен рударски проект за откопување на орудњувањето од хор. XVI-14 до хор XIVB, Блок 1 и 2, Ревир „Свиња Река“, Рудник за олово и цинк „Саса“- М.Каменица* – Упростен рударски проект, главен проектант.
2. *Анекс на Дополнителниот рударски проект за изведување на рударски работи и експлоатација на наоѓалиштето „Свиња Река“, помеѓу хоризонтите XIVB и 830, во рудниците за олово и цинк „Саса“- М.Каменица*, главен проектант.
3. *Анекс на Дополнителен рударски проект за откопување на орудњувањето помеѓу хоризонтите XIII-XV(ПЕ+7) од профил 800-1200 во ревирот „Свиња Река”, рудник „Саса“ ДООЕЛ - М.Каменица*, стручна и пресметковна контрола.
4. *Техничко-економска анализа за избор на оптимална технологија за подземно откопување на рудното наоѓалиште „Свиња Река“, помеѓу хоризонтите XIVb и 830, рудник „Саса” ДОО – М.Каменица, главен проектант.*
5. *Дополнителен рударски проект за разработка и откопување на лежиштето Голема Река помеѓу хоризонтите 830 и 900, во рудниците „Саса”, М.Каменица, стручна и пресметковна контрола.*
6. *Дополнителен рударски проект за разработка, откопна подготовка и откопување на блок 3, помеѓу хоризонтите XIII- XIVb и прифилите 1200 – 1450 во ревирот „Свиња Река“, стручна и пресметковна контрола.*
7. Дополнителен рударски проект за разработка,откопна подготовка и откопување на орудњувањето во Блок 2, меѓу хоризонт 830 и 800, и профилите 1350 и 1150, во ревирот Голема Река, рудник Саса ДООЕЛ-М.Каменица, стручна и пресметковна контрола.
8. Studija izvodljivosti eksploatacije i preradu rude olova i cinka na ležištu „Lece“ –Medveđa, соработник во студијата.
9. *Физибилити студија за почеток на експлоатација на јаглен од наоѓалиштето „Неготино”, - Неготино,* главен проектант за подземна експлоатација.

## ПРИЛОГ 3

**Табела за вреднување на активностите на д-р Зоран Десподов во изборниот период 2007 -2012 година, според критериумите за избор на наставници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Ред. број | Вид на активност | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | вкупно |
| | **Наставно-образовна дејност** | | | |
| 1 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник:<br>1.Рударски извозни постројки | 1×15п | | 15 |
| 2 | Интерна скрипта од предавања:<br>1.Руднички транспорт<br>2.Теорија на информации<br>3.Теорија на одлуки<br>4. Теорија на системи<br>5. Производен менаџмент | 5×4п | | 20 |
| 3 | Рецензент на учебник:<br>1.Механика на почви и карпи | 1×1п | | 1 |
| 4 | Ментор на одбранет докторат | 1×6п | | 6 |
| 5 | Ментор на одбранета магистерска работа | 4×3п | | 12 |
| 6 | Ментор на одбранета дипломска работа | 7×1п | | 7 |
| 7 | Член на комисија за одбрана на докторат | 1×2п | | 2 |
| 8 | Член на комисија за одбрана на магистерска работа | 6×1п | | 6 |
| 9 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7×0,2п | | 1,4 |
| 10 | Предавања (додипломски студии):<br>1. Учебна 2007/2008: 6ч×1,5п/у.г.+ 4пр.×1п/пр.<br>2. Учебна 2008/2009: 5ч×1,5п/у.г. + 5пр.×1п/пр.<br>3. Учебна2009/2010: 5ч×1,5п/у.г. + 5пр.×1п/пр.<br>4. Учебна 2010/2011: 5,5ч×1,5п/у.г+ 5пр.×1п/пр. | 13п<br>12,5п<br>12,5п<br>13,2п | | 51,2 |
| 11 | Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс: 4курса×3п/курс×4у.г | 48п | | 48 |
| 12 | Рецензент на соработници и наставници: | 4×1п | | 4 |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 13 | Дел од монографија | | 1×10п | 10 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено со СЦИ | | 1×9п | 9 |
| 15 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научни списаниа во странство | | 11×3п | 33 |
| 16 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научни списаниа во земјата | 4×3п | | 12 |
| 17 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир во странство | | 15×2п | 30 |
| 18 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир во земјата | 4×1п | | 4 |
| 19 | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1×1п | 1×1п | 2 |
| 20 | Член на организационен или научен одбор на научен собир во странство | | 5×2п | 10 |
| | **Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност** | | | |
| 21 | Трудови објавени во стручно списание во земјата | 5×2п | | 10 |
| 22 | Трудови објавени во зборник на трудови од стручен собир во земјата | 12×2п | | 24 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 10,5п | | 0,5 |
| 24 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир во земјата | 4×1п | | 4 |
| 25 | Елаборати | 9×2п | | 18 |
| 26 | Стручни награди | 1×4п | | 4 |
| 27 | Продекан | 8п | | 8 |
| 28 | Раководител на катедра (завод) | 23п | | 6 |
| 29 | Член на универзитетски сенат | 5п | | 5 |
| 30 | Член на факултетска комисија | 42п | | 8 |
| | | | **ВКУПНО:** | **371,1** |